

# Серија varioPRINT 140 QUARTZ

# ДОСЛЕДНИ ПЕРФОРМАНСИ

**Црно-бел печатач за производствено печатење со мал и среден обем**

Canon

# ЗАБРЗАЈТЕ ГО ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ СО серијата varioPRINT 140 QUARTZ

Серијата varioPRINT 140 QUARTZ им овозможува на корисниците да извршат голем број разновидни задачи на флексибилен, брз и ефикасен начин. Благодарение на иновативните технологии, таа нуди долго време на активна работа и доследно печатење со офсет квалитет и мат завршна обработка без емисии на штетен озон и со минимален отпаден тонер. Оваа серија е создадена за одржливи и продуктивни компании за печатење.

## ИМПРЕСИВНА ПРОДУКТИВНОСТ

- До 143/133/117 стр./мин. и работен циклус до 800.000 А4-страници и 2,3 милиони отпечатени страници при максимална употреба во еден месец
- Remote Manager за централизирано управување со задачи на најмногу пет дигитални машини за печатење што користат PRISMAsync
- Надградете ја брзината со привремени или трајни лиценци, што ви обезбедува флексибилност за да можете да се справите со промени во нивоата на побарувачка
- Влезен капацитет до 12.000 А4-листови за производствено печатење без надзор

## ИСКЛУЧИТЕЛЕН КВАЛИТЕТ НА СЛИКА

- Офсет квалитет на слика и доследност со технологијата DirectPress
- Технологијата ScreenPoint автоматски ги конвертира сликите во боја во слики со сиви тонови
- Еднокомпонентниот тонер и технологијата DirectPress речиси го елиминираат намалувањето на квалитетот
- Интелигентна сеопфатна регистрација со која управува сензор

## ОДРЖЛИВОСТ

- Печатење без емисии на штетен озон
- Паметно користење на енергија преку технологијата EnergyLogic
- Намалена потрошувачка на енергија со технологиите DirectPress и HeatXchange
- Сертификат ENERGY STAR®
- Речиси без отпаден тонер





# НЕНАДМИНАТА СИГУРНОСТ И НЕПРЕКИНАТА РАБОТА

## МАКСИМАЛНА ПРОДУКТИВНОСТ

Серијата varioPRINT 140 QUARTZ ви овозможува побрзо да извршувате повеќе задачи со брзина до 143 стр./мин., без разлика дали печатите еднострано или двострано.

Со максимален работен циклус до 2,3 милиони страници месечно, можете да бидете сигурни дека ќе ги исполните роковите дури и во месеците кога има најмногу работа. Благодарение на DirectPress, врвната дигитална технологија за обработка на слика и компонентите што траат доживотно, серијата varioPRINT 140 QUARTZ има време на активна работа што е најдобро во оваа класа за ваш секојдневен успех.

## УПРАВУВАЈТЕ СО ВРЕМЕТО НА АКТИВНА РАБОТА

Благодарение на PRISMAsync, панелот за ракување комбинира контролор, кориснички интерфејс и механизам за печатење во еден интегриран концепт. Сите функции и поставки на системот се достапни од екранот на допир во боја и лесно можете да го конфигурирате системот да управува со производственото печатење, скенирањето, копирањето и напредното уредување на задачи.

Корисничкиот интерфејс го прикажува вкупниот распоред на печатење, означувајќи кога задачите ќе завршат, и овозможува планирање на печатењето најмногу осум часа однапред. Paper Logic® овозможува правилно ставање на медиумите дури и со однапред отпечатени или однапред издупчени медиуми што речиси ги елиминира грешките и отпадот.

## ДИЗАЈНИРАН ЗА УСПЕХ

Без оглед на опкружувањето за печатење, сите се согласуваме: најдобро е кога нема потреба од повикување сервисер. Технологијата DirectPress ја подобрува доследноста на сликите и помага да се намали потребата за одржување и да се зголеми сигурноста и времето на активна работа на системот.

Поддршката за ракување со печатачот овозможува безбедна и лесна замена на деловите од операторот - не е потребна обука. Кога е потребно да се повика сервисер, иновативниот сервисен концепт овозможува најкратко време за завршување на задачите. Серијата varioPRINT 140 QUARTZ е дизајнирана за моќни и сигурни перформанси преку најсложените задачи што одземаат многу време. Тоа ќе ви помогне да ги исполните кратките рокови и да печатите со доследен квалитет што ќе ги задржи задоволни вашите клиенти.

# ИЛЈАДНИЦИ ОТПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ БЕЗ НИКАКВИ РАЗЛИКИ

## ДОСЛЕДНО ВИСОКОКВАЛИТЕТНО ПЕЧАТЕЊЕ

DirectPress заменува повеќе чекори на процесот што вклучуваат многу променливи со еден, стабилен, дигитален процес на кој не влијае светлината, статичкиот електрицитет, температурата, влажноста, единицата за развивање или содржината на тонерот. Оваа технологија ви овозможува да го искористите неверојатно стабилниот и доследен квалитет на печатење без заматувања, линии или споеви.

## ПЕЧАТЕЊЕ СО ДОЛГОТРАЕН КВАЛИТЕТ

Технологијата ScreenPoint репродуцира совршени полунијанси и фотографии со исклучителна резолуција, густи црни тонови и прецизни прави линии. Датотеките во боја можете да ги печатите во црно-бел формат. Системот поддржува конверзија на квалитетот за да генерира рамномерни промени во сиви тонови. Можете и да го прилагодите контрастот на сликата и да ја контролирате светлината или темнината на сликата без загуба на детали.

## РАЗЛИЧНИ МЕДИУМИ И НАПРЕДНА РЕГИСТРАЦИЈА НА ХАРТИЈА

Технологијата DirectPress ја печати сликата директно на хартијата користејќи ниска температура на спојување. Тоа значи дека можете да користите различни медиуми, вклучувајќи структурирана хартија или хартија со текстура, што ви овозможува да им понудите широк избор на вашите клиенти. Можете да ја користите и опцијата за прецизно двострано печатење. Интелигентниот процес со кој управува сензор овозможува прецизна и сеопфатна регистрација на слики.

# ПОМАЛКУ ЕНЕРГИЈА, ПОВЕЌЕ БРЗИНА
# ГИ ДОБИВАТЕ И ДВЕТЕ

## ПОЧИСТО И БЕЗ ЕМИСИИ НА ШТЕТЕН ОЗОН

Едноставниот процес на печатење - без употреба на електрична енергија - обезбедува почиста работна средина без емисии на озон, селен, масло за спојување или единица за развивање и речиси без отпаден тонер или емисии на честички.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА

Технологијата HeatXchange ја рециклира топлината што се користи за спојување на боите со хартијата, со што се намалува потрошувачката на енергија. Ниските температури на спојување овозможуваат машината да работи на пониска температура, така што можете да го одржувате вашето опкружување за печатење поладно, дополнително намалувајќи ја потрошувачката на енергија.

## ПОПАМЕТНО КОРИСТЕЊЕ НА ЕНЕРГИЈА

Паметното балансирање на енергијата на EnergyLogic овозможува брзо излегување на првиот отпечатен материјал/копија и непрекинато извршување на задачите со мешани медиуми - само прилагодување на брзината ако е потребно. Резултатот е дополнителна продуктивност, со што се заштедува време и енергија.

## ПЕЧАТЕЊЕ БЕЗ ГРЕШКА ОД ПРВПАТ

Лесно ракување, сигурно ракување со медиуми и PaperLogic се само некои од функциите што помагаат да се намали отпадот со максимизирање на печатењето без грешка од првпат.



# ПОВИСОКО НИВО НА ПРОДУКТИВНОСТ

Иновативните технологии на серијата varioPRINT 140 QUARTZ овозможуваат врвно дигитално печатење, енергетска ефикасност и интегриран работен процес што ја зголемуваат профитабилноста на вашата компанија.

## ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

### 1 ЕДИНИЦА ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА СО ЗАХЕФТУВАЊЕ И ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА НА БРОШУРИ

Захефтување во агол до 100 листови или средишно спојување на брошури до 100 страници/25 листови со големина на хартија до 320x488 mm. Надворешните странични држачи го сложуваат отпечатениот материјал во редови. Достапна е и изборна единица за правење дупки.

### 2 ОТСЕКУВАЊЕ БРОШУРИ

Големата продуктивност со корпа за отпадоци од отсекувањето со голем капацитет и отстранувањето отпад при работа ви овозможуваат континуирано работење. Овие модули заедно со единицата за завршна обработка на брошури овозможуваат внатрешно создавање на професионални брошури што се отпечатени на целата површина.

### 3 ЕДИНИЦА ЗА ПРЕВИТКУВАЊЕ ХАРТИЈА

Понудете промотивни памфлети, брошури и многу повеќе со можноста за создавање документи со Z-превиткување, C-превиткување, наизменично превиткување и двојно паралелно превиткување.

### 4 ЕДИНИЦА ЗА РЕДЕЊЕ СО ГОЛЕМ КАПАЦИТЕТ

Постигнете максимална продуктивност со можноста за „отстранување при работа“ што овозможува непрекинато печатење и речиси неограничено редење. Изборниот интегриран интерфејс DFD овозможува конфигурациите да вклучуваат уреди за завршна обработка од трети страни.

## ТЕХНОЛОГИЈА

### 5 ТЕХНОЛОГИЈА DIRECTPRESS

Ги конвертира дигиталните податоци во слика со тонер во еден чекор без емисии на озон, масло за спојување или единица за развивање и речиси без отпаден тонер.

### 6 ТЕХНОЛОГИЈА HEATXCHANGE

Отпечатените листови се ладат, а листовите што треба да се отпечатат се загреваат во еден процес, со што се намалува потрошувачката на енергија. Ладењето на отпечатените листови помага да се намали виткањето и лепењето за посигурна завршна обработка.

### 7 ТЕХНОЛОГИЈА ENERGYLOGIC

Во моментот кога ќе има доволно енергија, вклучувањето е брзо. Исто така овозможува континуирана продуктивност за задачи со различна тежина.

### МОДУЛ ЗА КВАДРАТНО ПРЕВИТКУВАЊЕ* ОД SDD

Подобрете го изгледот на брошурите со потполно квадратни споеви создавајќи професионална завршна обработка како на списанија или книги. Печатете текст на спојот за создавање на поразновидни брошури

### ПОДВИЖНА ЛЕНТА ЗА РЕДЕЊЕ* ОД SDD

Кратка лента од 45 cm што собира брошури кои излегуваат од модулот за печатење и отсекување од SDD

### ПРОФЕСИОНАЛНИ КАЛАПИ ЗА ПРАВЕЊЕ ДУПКИ И EWIRE PRO*

Повеќефункционалната професионална единица за правење дупки поддржува различни големини и тежини на медиуми; заменливите калапи нудат голем избор на шаблони за правење дупки. Изборниот систем eWire Pro овозможува внатрешно создавање на книги споени со спирала и ја елиминира потребата од рачна интервенција.



# ПРОДУКТИВНОСТ И ПРАКТИЧНОСТ

### 8 СВЕТИЛКА ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАТОРОТ

Го прикажува статусот на машината за печатење на практичен начин, така што операторот веднаш ќе дознае дали печатењето се одвива непречено или ќе биде потребна негова интервенција.

### 9 ТЕХНОЛОГИЈА SCREENPOINT

Ја оптимизира конверзијата на слики во боја во црно-бели слики и генерира рамномерни промени во сиви тонови.

### 10 КОРИСНИЧКИ ИНТЕРФЕЈС PRISMASYNC

Интерфејсот PRISMAsync ги проширува можностите со интелигентен сервер и работен процес со медиуми. Нуди планирање и закажување на печатење до осум часа однапред, како и усогласен работен процес со други машини за печатење од Canon управувани со PRISMAsync.

### 11 ОПЦИИ ЗА БРЗИНА

Серијата varioPRINT 140 QUARTZ нуди неверојатна флексибилност со трајни или привремени надградби на лиценцата за брзина од 115 стр./мин. до 130 или 140 стр./мин.

# СНАБДУВАЊЕ СО ХАРТИЈА

### 12 ЕДИНИЦА ЗА ВМЕТНУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ

Овозможува вметнување корици во боја и летоци.

### 13 ВЛЕЗЕН КАПАЦИТЕТ ЗА ХАРТИЈА

Влезниот капацитет од 4.000 листови на касетите на главниот механизам за печатење е стандарден.

### 14 ПОМОШЕН МОДУЛ ЗА ПОГОЛЕМ КАПАЦИТЕТ

Уред што го зголемува влезниот капацитет за специјални медиуми со неправилна дебелина, што го намалува ризикот од заглавување на хартија и ја зголемува продуктивноста без да го менува фахот за хартија.

### 15 ТЕХНОЛОГИИ ЗА НАПРЕДНО СНАБДУВАЊЕ

За вкупен влезен капацитет од 12.000 листови додајте дополнителни четири фахови со изборниот ePIM (надворешен модул за внес на хартија). Сите фахови на ePIM се соодветни за сите поддржани тежини на медиуми и користат воздушно одвојување и снабдување со вовлекување. Овие функции овозможуваат сигурно и прецизно снабдување со хартија, слично како кај офсет печатењето.

Кога просторот е ограничен, излезниот фах овозможува редење до 250 листови.

### DFD-АДАПТЕР И МОСТ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА*

Зголемете ја флексибилноста на излезот со додавање опрема за завршна обработка од трети страни, директно покрај механизмот за печатење или покрај единицата за завршна обработка со захефтување и за завршна обработка на брошури што ќе отвори неограничени можности.

### УРЕД ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ БРОШУРИ СО КВАДРАТНО ПРЕВИТКУВАЊЕ*

Изработувајте брошури со професионален изглед и хоризонтално поставување со брзината и практичноста на внатрешното средишно спојување. Професионалниот уред за изработување брошури BLM35/50 ги проширува можностите за изработка на брошури со најмногу 200 страници/50 листови.

### МОДУЛ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ И ОТСЕКУВАЊЕ* ОД SDD

Дајте им професионален изглед на книгите со отсекување од предната страна за остри и еднакви рабови на секоја страница. Направете ги брошурите поуредни и полесни за пакување, редење и дистрибуција со автоматско израмнување.

*Не е прикажано во конфигурацијата





**Canon Inc.**
Canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V. 2023

**Canon CEE GmbH**
**Predstavništvo Beograd**
Omladinskih brigada 90v
11070 Novi Beograd
Srbija
Tel: +381 11 3533 480
canon.com.mk

Canon